# Соопштение за национална акција за чистење на Македонија




Националната акција за чистење е во рамки на проектот „Македонија без отпад 2016“ кој има за дел да го исчисти отпадот кој се наоѓа на несоодветни места во околината, да развие свест кај граѓаните за правилно управување со отпадот и да развие механизам за поддршка на граѓаните, општините и другите засегнати групи за подобро да се справат со неорганизираното и незаконско фрлање на отпад во нивните заедници.

Националанта акција за чистење има за цел да се намалат количините на несоодветно депонираниот отпад и со која Р. Македонија се вклучува во глобалната акција „Let do it world“, поддржана од Европскиот Парламент и спроведена во 127 земји во 2015 година.

**ООУ,,Тихомир Милошевски,, Скопје**

Бидејќи сакаме да растеме и учиме во здрава и чиста животна средина во рамките на оваа акција и нашето училиште зеде активно учество под мотото

## ,,Каде и да се движиш – за природата да се грижиш,,

Како дел од општина Ѓорче Петров, во согласност и координација со активностите на локално ниво, учениците и вработените од нашето училиште на ден 01.06.2016год. собираа отпаден материјал во околината на училиштето, во училишниот двор, читаа зелени пораки и изработија постер презентација за подигнување на свеста кај луѓето како дел од акциониот план:

- за современото управување со отпад и потребата да ја превземат одговорноста како загадувачи и активно да се вклучат преку соодветни активности на локално ниво
- за едукација со посебен фокус на младите луѓе, на концептот нула отпад (отпадот е суровина, принципи на селектирање, реупотреба и рециклажа)
- за натамошно спречување на настанување на нелегални и диви депонии




Учесниците во денешната акција ,,Бунт против отпадот,, напишаа и читаа поезија на оваа тема, собираа и одлагаа ПВЦ амбалажа и стара хартија.


ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ


КАДЕ И ДА СЕ ДВИЖИШ ЗА ПРИРОДАТА ДА СЕ ГРИЖИШ !!!
МАКЕДОНИЈА БЕЗ ОДПАД


КАДЕ И ДА СЕ ДВИЖИШ ЗА ПРИРОДАТА ДА СЕ ГРИЖИШ !!!
Екологија
Еко-пораки
Природата со очите се гали, се чува во срцето, а не во вазна!
Засади дрво, засади цвет. РАЗУБАВИ ГО ЦЕЛ СВЕТ!
Планетата Земја
КАДЕ И ДА СЕ ДВИЖИШ ЗА ПРИРОДАТА ДА СЕ ГРИЖИШ
МАКЕДОНИЈА БЕЗ ОДПАД

